Врз основа на член 28, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 32/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Решение**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок број 14 ,УЕ 2, Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 14, УЕ 2, Општина Струмица, со површина од 31865,83 $м^2$ односно 3,186 ха. во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Лилјана Ивановска - претставник на изготвувачот на планот,
- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 21.02.2023 година до 23.03.2023 година, а јавната презентација да се одржи на ден 24.02.2023 година во 12:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-942/3
03.02.2023 год.
Струмица

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов